РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E ADMINISTRATËS PUBLIKE
Бр.-Nr. 16-2392/5
12.06 2026 год.-viti
Скопје - Shkup



Врз основа на член 28 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 294/21 и 101/25) и Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 122/2020), Министерот за јавна администрација, ја донесе следната

# ПРОЦЕДУРА ЗА НАЧИНОТ НА ПРАВЕЊЕ НА СИГУРНОСНА КОПИЈА, АРХИВИРАЊЕ И ЧУВАЊЕ, КАКО И ЗА ПОВТОРНО ВРАЌАЊЕ НА ЗАЧУВАНИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

## Член 1

Со оваа процедура се пропишува начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци кои се предмет на обработка во Министерството за јавна администрација (во натамошниот текст: министерството).

## Член 2

Министерството врши редовно снимање на сигурносна копија и архивирање на податоците во системот, за да се спречи нивно губење или уништување. За таа цел се користи сервер за поддршка, во кој еднаш дневно се креира резервна копија на личните податоци кои се обработуваат во министерството, така што во случај на пад на компјутерскиот систем, или негово оштетување од било каква причина, сите податоци ќе останат сочувани во серверот. Податоците во резервната копија се енкриптираат пред да се префрлат на серверот. Во серверот се поставени три цврсти дискови (hard disk) во Раид конфигурација, така што и при дефект на некој од дисковите не постои опасност од губење на информациите.

## Член 3

Заради заштита од неовластен пристап, серверот во којшто е сместена сигурносната копија на сите снимени податоци треба да биде сместен во безбеден простор заштитен со брава, до кој има пристап само администраторот на информацискиот систем.

Администраторот на информацискиот систем е должен да ја проверува функционалноста на сигурносните копии.

**Член 4**

Министерството двапати месечно прави дополнителна сигурносна копија на податоците од серверот на преносен мемориски уред. Така направената сигурносна копија подлежи на физичка и криптографска заштита, со што се оневозможува било каква модификација на нејзината содржина. По извршеното копирање, сигурносната копија се носи на алтернативната безбедносна локација која се наоѓа надвор од деловните простории на министерството.

Пристап до алтернативната локација каде што се чува преносниот мемориски уред има администраторот на информацискиот систем, при што уредот се чува затворен во сеф со безбедносна брава и којшто е обезбеден од физички влијанија (пожар, поплава и сл.).

**Член 5**

При повторното враќање на зачуваните лични податоци, се врши евидентирање на таквото враќање на податоците и, исто така, се евидентира и датумот на враќањето на податоците и категоријата на податоци што се враќаат.

За враќањето на личните податоци се составува записник во кој се наведува лицето коешто го врши враќањето, како и времето и категоријата на личните податоци.

**Член 6**

Оваа Процедура влегува во сила со денот на донесувањето.

Министер за јавна администрација
Горан Минчев